# Дневна хемеротека за *23.04.2015г.*

## Lider - *Проект за воведување на еколошко означени туристички услуги*

ЕКОНОМСКИ LIDER

### Проект за воведување на еколошко означени туристички услуги



Заменик министерот за животна средина и просторно планирање, Стево Темелковски денеска ќе се обрати на завршниот настан во рамките на проектот "Воведување на еколошко означени туристички услуги", што го спроведува Регионалниот центар за животна средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ), со финансиска поддршка од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Настанот ќе се одржи во просториите на Стопанска комора на Македонија, со почеток во 12:00 часот.

Целта на завршниот настан е промовирање на еколошкото означување за туристичко сместување и презентирање на процесот на подготовката на Барањата за добивање на еколошка ознака од страна на 4 хотели во Охрид: "Белведере", "Гранит", "Лебед" и "Фламенго".

ПОВРЗАНИ

Трибина за еколошко означување на туристичките услуги

ТЕМИ

туристички услуги

## Нетпрес - Промоција на еколошкото означување за туристичките сместувања

Во Стопанската комора на Македонија денеска ќе биде промовирано еколошкото означување за туристичките сместувања. Ова е завршен настан од проектот „Воведување еколошко означени туристички услуги”, што го спроведува Регионалниот центар за животна .

## Сител - Одбележување на Светскиот ден на планетата земја



Македонија е лидер во регионот во заштита на животната околина. Ова го покажуваат статистиките на министерството за животна средина кои велат дека штетните гасови кои ја осиромашуваат озонската обвивка се намалени за 98 проценти. Третиот национален извештај за климатски промени на Македонија и дава дополнителна предност во однос на останатите држави од Балканот.

Заштитата на озонската обвивка, контролирањето на отпадот, одржувањето на зелените површини е од значително значење за одржливиот развој на околината.

Годинава денот на планетата земја во Македонија се одбележува во знакот на Македонскиот Рубин кој веќе станува статусен симбол на државата. Неговата презентација се оддржа во Народната канцеларија на претседателот Иванов.

Институциите им порачаа на граѓаните, да ја кренат свеста и максимално да се заложат за заштита на природата во Македонија а со тоа и на целата планета.

***Антонио Крстевски***

## Р.С. Европа - *Недоизграден колекторски систем за загадено езеро*

Радио Слободна Европа
слободнаевропа.мк
Почетна | Вести | Македонија | Глобал | И

# Недоизграден колекторски систем за загадено езеро

Недоизградениот колекторски систем, проблемите со кои тој се соочува, како и урбанизацијата на крајбрежјето се едни од главните предизвикувачи на загадувањето на Охридското Езеро.

Печати | Оставете коментар | Размена:



Најстарото езеро во Европа, Охридското, како никогаш досега се соочува со еколошки предизвици, од кои во голем дел ќе зависи неговата иднина, предупредуваат добрите познавачи на приликите. Недоизградениот колекторски систем, проблемите со кои тој се соочува при неговото работење, како и урбанизацијата на крајбрежјето се едни од главните аспекти на оваа проблематика, велат екологистите.

Дејан Пановски од Билатералниот комитет за заштита на Охридското Езеро, рече дека Денот на планетата земја треба да биде едно мало потсетување дека во сите останати денови се вршат жестоки напади врз водата, почвата и живиот свет како да ни се најголеми непријатели.

„Понекогаш нешто слично му се случува и на Охридското Езеро, кое периодично е нападнато со опасности од загадување од разни сектори. Загадувањето на тие водни ресурси, загадувањето на почвата, урбанизацијата и опколеноста со смет се сите еколошки проблеми околу езерото кои се не само еколошки, туку преминуваат и во културолошки проблем на нашето подрачје“, рече Пановски.

Ѓоко Зороски, екологист од Охрид, рече истражувањата на терен покажуваат дека и на македонска и на албанска страна Охридското Езеро сè уште се соочува со црни еколошки точки.

„Заклучоците се дека црните еколошки точки коишто биле на Охридското Езеро пред дваесеттина години делумно се решени, но тие остануваат, во однос на загадувањето кое доаѓа од точкести извори на загадување пред сè од земјоделието, но и од нерешениот проблем со канализациониот систем околу брегот на Охридското Езеро, односно населбите кои не се вклучени во колекторскиот систем и на македонска и на албанска страна. Прекумерната употреба на минерални ѓубрива и пестициди, загадувањето со фекални бактерии преку отпадните води", рече Зороски.

Тој вели дека Македонија и Албанија мора да ги синхронизираат своите активности во делот на заштита на езерото и формирање на заедничко тело.

Изминатава година Локалната агенција за развој од Струга и „Еуропартнерс Дивелопмент" од Тирана, работеа на проектот „Интегриран екосистемски пристап за сливот на Охридското Езеро како алатка за зачувување и заштита на природните ресурси". Изработена е посебна студија која ги содржи сите препораки на експерти што треба да се направи за да се искористат сите ресурси со кои располага сливот на езерото.

*Ѓоко Зороски, екологист од Охрид.*

„Работиме заедно не само на подигање на свеста, туку и во менаџирањето на сливот на Охридското Езеро. Почнавме со истражување за да се вреднува целата ситуација. Ги седнавме на иста маса сите надлежни институции. Одржавме специфични обуки, посебно за локалните субјекти за тие подобро да бидат запознаени за сите систематски проблеми со состојбите со водите, шумите и земјоделството. Ситуацијата не е лесна и е комплицирана. На крајот изградивме локална група на дејствување за подобро да дојдеме до имплементација на проектот", рече Еднела Пингули од „Еуропатнерс Девелопмент".

**Вечер** - ***Германските научници потврдија-Охридското Езеро е најстаро во Европа( ВИДЕО)***

Проектот за испитување на староста на Охридското Езеро започна на 31-ви март 2013 година, со повлекување на платформата за дупчење на централната точка која беше лоцирана јужно од полуостровот Лин, на македонска страна, на длабочина од 250 метри.

**Република** - ***Германските научници потврдија: Охридското Езеро е најстаро во Европа (видео)***

Проектот за испитување на староста на Охридското Езеро започна на 31-ви март 2013 година, со повлекување на платформата за дупчење на централната точка која беше лоцирана јужно од полуостровот Лин, на македонска страна, на длабочина од 250 метри.

**За Се** - ***ВИДЕО: Германските научници потврдија-Охридското Езеро е најстаро во Европа***

Проектот за испитување на староста на Охридското Езеро започна на 31-ви март 2013 година, со повлекување на платформата за дупчење на централната точка која беше лоцирана јужно од полуостровот Лин, на македонска страна, на длабочина од 250 метри.

**Falanga** - ***( ВИДЕО) Научници од Германија потврдија-Охридското Езеро е најстаро во Европа***

Проектот за испитување на староста на Охридското Езеро започна на 31-ви март 2013 година, со повлекување на платформата за дупчење на централната точка која беше лоцирана јужно од полуостровот Лин, на македонска страна, на длабочина од 250 метри..

**Денешен** - ***Научниците потврдија: Охридското Езеро е најстаро во Европа (видео)***

Проектот за испитување на староста на Охридското Езеро започна на 31-ви март 2013 година, со повлекување на платформата за дупчење на централната точка која беше лоцирана јужно од полуостровот Лин, на македонска страна, на длабочина од 250 метри.